# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на Општина Новаци

## Број 16/23

**Излегува по потреба 14.11.2023 год. (вторник) бр. 16 година XXVII**
**ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија**
**E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци,
за период од 01.07.2023 г. до 30.09.2023 г.

1. Се прогласува Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за период од 01.07.2023 г. до 30.09.2023 г. што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 13.11.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-803/1
14.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 7/19), Советот на Општина Новаци, на седницата што ја одржа на ден 13.11.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 г.

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Финансискиот извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за период од 01.07.2023 г. до 30.09.2023 г., бр. 03-787/2 од 03.11.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-788/4
13.11.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци

1. Се прогласува Одлука за давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 13.11.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-803/2
14.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 13.11.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци, бр. 02-203/4 од 02.11.2023 г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-788/5
13.11.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на донација во градежен материјал на Црковен одбор на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан

1. Се прогласува Одлука за одобрување на донација во градежен материјал на Црковен одбор на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 13.11.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-803/3
1.11.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), и Барање од ЦО на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан бр. 08-754/1 од 20.10.2023 г., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 13.11.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на донација во градежен материјал на Црковен одбор на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува донација во градежен материјал на Црковен одбор на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан, за изградба на тоалет во дворот на црквата „Свети Ѓорѓија“ во с. Гермијан.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да донира градежен материјал во износ од 20.000,00 денари, кој ќе го обезбеди, согласно Договорот за јавна набавка на градежни материјали на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-788/6
13.11.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

**СОДРЖИНА**


1. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци,за период од 01.07.2023 г. до 30.09.2023 г.;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на донација во градежен материјал на Црковен одбор на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан.



**Издавач: Градоначалник на Општина Новаци**

**тел. 047 203 060** **Народна банка на РСМ**
**Буџет на Општина Новаци** **Д.Б. 4002004169848**
**Сметка 749014004563010** **Приходна Шифра 752939**